**Известување за концентрација со која Сигал Бизнис Центар, Албанија ќе стекне контрола над Сигал Уника Груп Австрија, Албанија**
**(предмет бр. 08-17/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 15.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со Сигал Бизнис Центар - со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија, ќе стекне контрола над Сигал Уника Груп Австрија со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Сигал Бизнис Центар е, со главна дејност – Вложување на капитал и други финансиски средства.

Сигал Бизнис Центар нема поврзани друштва и не стопанисува на пазарот во Република Северна Македонија

Сигал Уника Груп Австрија е со главна дејност – Осигурување од штети и реосигурување.

Сигал Уника Груп Австрија во Северна Македонија директно е сопственик и е активна преку две друштва за осигурување и тоа:

- УНИКА АД Скопје, друштво за неживотно осигурување, со седиште во Скопје на бул.Илинден бр.1 и
- УНИКА ЛАЈФ АД Скопје друштво за животно осигурување, со седиште во Скопје на бул.Илинден бр.1

Според подносителите на известувањето како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинират: пазар на осигурување на живот и пазар на неживотно осигурување.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.01.2025 година
Скопје